**Предлог**

Врз основа на член 22 став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на _.05.2026 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**

**за изменување и дополнување**
**на Програмата за активностите на Општина Велес**
**во областа на спортот во 2026 година**

**1.** Со оваа Програма се врши следното изменување и дополнувања во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес" бр.17/25 и 18/25):

Во точка 1. „СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ" потточка 1.16. називот „Поддршка за организација на атлетска трка „Трчаме за Рацин" се менува и гласи:

„Атлетска трка „Трчаме за Рацин" во организација на Атлетска федерација на Северна Македонија"

**2.** Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение:**

Измената и дополнувањето на програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2026 година се должи на тоа што организацијата на Атлетската трка „Трчаме за Рацин“ во 2026 година ќе биде организирана од страна на Атлетската федерација на Северна Македонија. Организацијата на атлетската трка од страна на АФСМ е со цел вклучување на федерацијата за континуиран развој на атлетиката во Општина Велес.

Поради тоа е направена измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2026 година.